РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-423/1
26.6.2024 год.
ОХРИД

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ

„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД

Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид

Охрид, јуни 2024 година

СОДРЖИНА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ 3
II. ОРГАНИЗАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ 3
III. КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ 6
IV. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 8
V. ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТРИ И СТУДИСКА ГОДИНА 9
VI. МЕНТОР 12
VII. МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ, ПАРАЛЕЛНО СТУДИРАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСПИТИ 13
VIII. РЕЖИМ НА ИСПИТУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ 14
IX. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ И ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ ИСПИТИ 15
X. ПРИГОВОР НА ЗАВРШНА ОЦЕНКА 16
XI. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВА, ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД (ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА) 16
XII. СТУДЕНТИ 22
XIII. ДИПЛОМИ 22
XIV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ 23
XV. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ЗАЕДНИЧКА ДИПЛОМА 23
XVI. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ДВОЈНА ДИПЛОМА 24
XVII. ПРИМЕНА НА ОВОЈ ПРАВИЛНИК 24

Согласно член 94 и член 136 од Законот за високото образование („Службен весник на “, бр. 82/2018, 178/21 и 58/24), член 113, член 182, член 249 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на седница одржана на ден 26.06.2024 година донесе

ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“- ОХРИД

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на третиот циклус - докторски студии, како и постапката за стекнување научен назив доктор на науки на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид.

Член 2

(1) Универзитетот врши високообразовна дејност од трет циклус студии. Факултетите како единици во состав на Универзитетот вршат високообразовна дејност од трет циклус - докторски студии во согласност со акредитираните студиски програми.
(2) За една научна област може да се организира само една докторска студиска програма, освен во случај на интердисциплинарни студиски програми.
(3) Научен институт како самостојна установа или во состав на универзитет, може да врши високообразовна дејност за студии од трет циклус само во рамките на научната област за која е основан после пет години од основањето, ако е успешно завршена евалуацијата на научноистражувачката работа, ако е акредитиран за вршење на овој вид студии и има решение за почеток со работа.
(4) Научен институт во состав на универзитет како негова единица може да врши високообразовна дејност во трет циклус на студии и во соработка со единица која изведува студиски програми од исто или сродно научно поле.

Член 3

(1) Студии на трет циклус на академски студии се докторски студии.
(2) Докторските студии се организираат преку акредитирани студиски програми во согласност со Европскиот систем за пренос и акумулација на кредити (во понатамошниот текст ЕКТС), односно во согласност со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ

Член 4

За организација и координација на трет циклус на студии - докторски студии, на Универзитетот се организираат академски единици на две нивоа:

- Совет на докторски студии на Универзитетот и
- Совет на докторски студии на единицата на Универзитетот.

Член 5

(1) Советот на докторски студии на Универзитетот го сочинуваат 3 (три) професори од листата на акредитирани ментори кои ги избира Сенатот на Универзитетот на предлог на Ректорската управа на Универзитетот. Претседател на Советот на докторски студии на Универзитетот се носи со јавно гласање со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот на докторски студии на Универзитетот.

(2) Мандатот на претседателот и членовите на Советот на докторски студии на Универзитетот трае пет години, со неограничено право на избор на нов мандат.

(3) Советот може полноправно да одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку 50% од вкупниот број на членови, а одлуките се носат со мнозинство гласови од присутните членови.

(4) Доколку некој од членовите на Советот докторски студии на Универзитетот ненајавено односно од неоправдани причини последователно отсуствува три пати, мнозинството членови на Советот до Ректорот поднесува иницијатива за престанок на мандатот на тој член и назначување нов член. Ректорот е должен да ја разгледа иницијативата за престанок на мандатот во Советот на докторски студии на Универзитетот и доколку ја прифати да назначи нов член на испразнетото место.

(5) Во случај на спреченост или отсуство на Претседателот на Советот на докторските студии на Универзитетот, седниците ги свикува и со нив претседава член на Советот на докторски студии на Универзитетот кој прв бил избран во звањето редовен професор, односно вонреден професор.

Член 6

Советот на докторски студии на Универзитетот ги има следниве надлежности:

- да ја координира работата на советот на докторски студии на ниво на единицата на Универзитетот;
- да дава мислење за студиските програми на третиот циклус;
- да го утврдува нацрт-конкурсот за запишување на студенти на докторските студии и го доставува до Ректорската управа која го утврдува и објавува;
- да го утврдува предлог-бројот на студенти и износот на школарината за докторските студии и истиот го доставува до Ректорската управа на Универзитетот;
- да го утврдува предлог академскиот календар на докторските студии и истиот го доставува до Ректорската управа на Универзитетот;
- да избира по 2 (два) члена на советите на докторските студии на единиците на Универзитетот по предлог на единиците на Универзитетот;
- усвојува извештај за реализирана меѓународна мобилност, посебно за секој кандидат;
- утврдува распоред на годишните конференции во согласност со годишниот академски календар на докторските студии;
- ги организира докторските семинари и годишните конференции во согласност со годишниот академски календар на докторските студии;
- да дава предлози за организирање на заеднички докторски (интердисциплинарни) студии на ниво на Универзитет;
- да усвои стандарди за изработка на докторскиот труд;
- да усвои стандарди за изработка на авторезиме;
- да дава мислење за составот на комисијата за оценка на докторските дисертации;
- врши и други надлежности определени со овој Правилник.

Член 7

(1) На единицата на Универзитетот се организира еден Совет на докторски студии, без

разлика на бројот на студиски програми од трет циклус студии во рамките на единицата.

(2) Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот, го сочинуваат 3 (три) професори од кои најмалку 2(два) се избираат од листата на акредитирани ментори, кои ги предлага Наставно-научниот/Научниот совет на единицата, а ги избира Советот на докторски студии на Универзитетот. Претседателот на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот го избира Советот на докторски студии на Универзитетот од членовите на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот. Предлогот за претседател на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот се носи со јавно гласање со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот на докторски студии на Универзитетот.

(3) Мандатот на претседателот и членовите на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот трае пет години, со неограничено право на избор на нов мандат.

(4) Во работата на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот, без право на глас, може да учествуваат и акредитираните ментори на сите студиски програми на единицата, доколку истите не се избрани за членови од Наставно-научниот/Научниот совет на единицата.

(5) Советот може полноправно да одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку 50% од вкупниот број на членови, а одлуките се носат со мнозинство гласови од присутните членови.

(6) Доколку некој од членовите на Советот докторски студии на единицата на Универзитетот ненајавено односно од неоправдани причини последователно отсуствува три пати, мнозинството членови на Советот до Советот на докторски студии на Универзитетот поднесува иницијатива за престанок на мандатот на тој член и назначување нов член. Советот на докторски студии на Универзитетот е должен на првата наредна седница да ја разгледа иницијативата за престанок на мандатот во Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот и доколку ја прифати да назначи нов член на испразнетото место.

(7) Во случај на спреченост или отсуство на Претседателот на Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот, седниците ги свикува и со нив претседава член на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот кој прв бил избран во звањето редовен професор, односно вонреден професор.

Член 8

Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот ги има следниве надлежности:

- предлага на наставно-научниот совет студиска програма на трет циклус на студии-докторски студии;
- донесува одлука за состав на комисијата за подобност на кандидатот и темата;
- донесува одлука за подобноста на темата, тези и кандидат;
- дава предлог за ментор;
- го предлага износот на школарината за покривање на докторските студии;
- ги определува дополнителните услови за запишување на докторските студии;
- ги разгледува апликациите и одлучува за запишување на студентите;
- ги разгледува и дава мислење по предлозите за организирање на заеднички докторски студиски програми (универзитетски);
- дава предлог за состав на комисиите за оценка и одбрана на докторските дисертации;
- ги разгледува извештаите на менторот за напредокот на докторската дисертација;
- го разгледува извештајот за оценка на докторската дисертација и доставува предлог до наставно-научниот совет;
- носи одлука за формата и организацијата на наставата на докторските студии;
- врши и други надлежности определени со Статутот на единицата на Универзитетот и

овој Правилник.

Член 9

Доколку на Универзитетот се организираат докторски студии само на една единица, сите надлежности на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот ги превзема Советот на докторски студии на Универзитетот.

III. КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Член 10

(1) На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни академски студии од втор циклус, односно постдипломски студии, има остварено минимум 300 европски кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно, просек од најмалку 8 (осум) од остварените просеци на прв и втор циклус студии и ги исполнува другите услови согласно Законот за високото образование, овој Правилник и Конкурсот.
(2) Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот што ги организира студиите може да предвиди и дополнителни услови за упис и истите ги објавува на интернет страницата заедно со објавувањето на Конкурсот.
(3) Со студиската програма на докторските студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишувањето на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно.

Член 11

(1) Запишувањето на докторски студии се врши врз основа на Конкурс што го објавува Универзитетот, најмалку пет месеци пред започнувањето на наставата.
(2) Во Конкурсот прецизно се дефинирани условите и критериумите за пријавување и запишување на докторските студии врз основа на овој Правилник, Статутот и Законот за високото образование.
(3) Конкурсот содржи: име и адреса на високообразовната установа, назив на студиската програма за докторски студии, место на изведување на студиската програма, времетраењето на студиите, условите за упис, предвиден број на слободни места за запишување, потребната документација за пријавување и запишување, износот на школарината, роковите за пријавување и постапката за изведување на уписот.
(4) Заедно со објавувањето на Конкурсот пред секој уписен рок Универзитетот објавува и листа на акредитирани слободни ментори за секоја студиска програма посебно со забелешка за бројот на кандидати за коишто професорот според Законот за високото образование има можност да ги менторира. Листата на акредитирани слободни ментори за секоја студиска програма ја изготвува Советот на докторски студии на Универзитетот.
(5) Еден професор може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него се обучуваат за научна работа за што евиденција води Претседателот на Советот на докторските студии на Универзитетот.

Член 12

(1) Кандидатот кој се пријавува на Конкурсот поднесува:
- Пополнет пријавен лист,
- мотивациско писмо за запишување на студиската програма,

- кратка биографија со вкупните постигнувања на кандидатот,
- потенцијална област на истражување и кратко образложение во кое што се дефинирани предметот и целите на потенцијалната област на истражување,
- предлог за ментор од листата на објавени слободни акредитирани ментори на студиската програма со кој кандидатот претходно стапил во контакт, се консултирал за областа на истражување и од кој добил прелиминарна согласност,
- други документи предвидени со Конкурсот.

(2) Еден акредитиран ментор може да даде повеќе изјави за согласност за прифаќање потенцијално менторство на кандидатите од став (1) отколку што тоа е наведено во конкурсот. Претседателот на Советот на докторските студии на Универзитетот врши проверка дали наставниците што дале изјава за прелиминарна согласност го надминуваат бројот на менторства пропишани со Закон и истото го соопштува на Советот на докторските студии на Универзитетот.

Член 13

(1) Советот на докторските студии на Универзитетот којашто ги организира докторски студии утврдува кои претходно завршени студии од втор циклус се соодветни и истите се објавуваат на интернет страницата на Универзитетот заедно со објавувањето на Конкурсот.

(2) По истекот на роковите за пријавување Советот на докторските студии на Единицата на Универзитетот констатира кои од кандидатите имаат соодветна комплетна документација според Конкурсот и за секоја студиска програма формира Комисија од тројца членови по правило од редот на акредитираните ментори на студиската програма, а доколку бројот на акредитирани ментори е помал од три, членови можат да бидат и наставници што се ангажирани на студиската програма.

(3) Комисијата е должна да спроведе интервју со секој од пријавените кандидати за кои Советот констатирал дека поседуваат комплетна документација според конкурсот и да ја оцени нивната подобност врз основа на поднесената документација и презентацијата на предлог областа на истражувањето поднесено од кандидатот.

(4) Комисијата може да дефинира и дополнителни критериуми врз основа на коишто ќе ги заснова препораките. На интервјуто, може да присуствуваат и сите слободни акредитирани ментори на студиската програма, доколку истите не се назначени за членови на Комисијата.

(5) Врз основа на поднесената документација и спроведеното интервју, Комисијата изготвува записник во којшто дава позитивна препорака за упис на трет циклус студии или не дава препорака, при што бројот на позитивни препораки не смее да го надминува бројот на слободни места според Конкурсот. Во записникот, за секој кандидат што добил позитивна препорака од страна на Комисијата се наведува и името на менторот што му дал прелиминарна согласност на кандидатот.

Член 14

(1) Врз основа на записникот од член 13 став 5, Советот изготвува прелиминарна листа за секоја студиска програма посебно со кандидати за кои е дадена позитивна препорака. Во прелиминарната листа за секој кандидат се наведува и името на менторот кој дал согласност.

(2) Во посебни листи се наведуваат и евентуалните кандидати за кои Комисијата во записниците не дале позитивна препорака како и кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии.

(3) Листите од ставовите (1) и (2) се објавуваат на огласната табла и интернет страната на Универзитетот.

(4) Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Деканатската управа/Научниот совет на единицата на УИНТ што ги организира докторските студии, во рок од 24 часа од денот на објавувањето на прелиминарната листа од ставовите 1 и 2. Одлука по приговорот треба да се донесе најдоцна во рок од 3 работни денови од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.
(5) По завршувањето на постапката по приговорите, Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот, носи одлука за запишување на студентите на докторските студии и истата се објавува на огласната табла и веб страната на Универзитетот. Одлуката за запишување на примените кандидати е конечна.
(6) Со запишувањето на докторските студии студентот се стекнува со статус студент на докторски студни.
(7) При запишувањето, студентите потпишуваат Договор за студирање. Договорот се потпишува од страна на Претседателот на Советот на докторски студии на единицата, Ректорот и студентот.

Член 15

(1) По запишувањето на кандидатите, секој ментор до Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот доставува потпишана согласност за прифаќање на обврските за ментор утврдени со овој Правилник.
(2) Доколку бројот на кандидати го надминува законски ограниченият број на еден ментор, на кандидатот кој е најниско рангиран на прелиминарната листа Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот може да му предложи друг ментор.

Член 16

Врз основа на потпишаната согласност за прифаќање на обврските за ментор од член 15, Наставно-научниот/Научниот совет на предлог на Советот на докторски студии на единицата носи одлука за назначување ментор на првата наредна седница.

Член 17

Право да се запишат на докторски студии на определена студиска програма имаат и странски државјани, според условите утврдени со Законот за високото образование, Конкурсот и овој Правилник.

Член 18

Бројот на студентите кои се запишуваат на докторската студиска програма, за сите три години на докторските студии, треба да биде во согласност со бројот на расположивите акредитирани ментори на таа студиска програма.

IV. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Член 19

Докторските студии траат најмалку три години (најмалку шест семестри) и притоа се остваруваат најмалку 180 европски кредити, односно 60 кредити во текот на една академска година.

Член 20

(1) Студиската програма за докторски студии главно опфаќа активна истражувачка работа под менторство и вклучува:
   1. организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви,
   2. независен истражувачки проект под менторство (докторски проект),

3. меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој,
4. предавања и друг вид на комуникациски активности,
5. објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд и
6. изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект.

(2) Кандидатите се должни во текот на студиите, а најдоцна до одбраната на докторската дисертација да објават најмалку два труда во референтна научна публикација согласно Законот за високото образование.

Член 21

(1) Студиските програми се вреднуваат со кредити по ЕКТС. Секоја година на студиската програма содржи 60 кредити.
(2) Секој предмет од студиската програма се вреднува со одреден број на ЕКТС кредити.
(3) Студиските програми во сите студиски години на докторските студии треба да содржат задолжителни и изборни наставни предмети.
(4) Задолжителните наставни предмети во студиската програма треба да бидат од соодветната област на Единицата на Универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел).
(5) Изборните наставни предмети студентите ги избираат од листата на изборни наставни предмети на дадената студиска програма.
(6) Изборните наставни предмети сочинуваат најмалку 10% а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма.
(7) Збирот на ЕКТС кредитите на предметите кои се застапени на листата на изборни наставни предмети на студиската програма е најмалку двојно поголем од бројот на ЕКТС кредити предвидени во наставната програма за изборните наставни предмети.
(8) Секој од наставните предмети на листата на изборни наставни предмети задолжително носи еднаков број на ЕКТС кредити.
(9) Во листата на изборни наставни предмети на наставната програма која се изведува на Единицата на Универзитетот, можат да бидат вклучени и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот.
(10) Студиските програми на високообразовните установи, во делот на задолжителните и изборните наставни предмети можат да содржат и „прозорци за мобилност“, односно наставни предмети чии активности може да се изведуваат и на англиски јазик.
(11) Кога домашен универзитет изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, се применуваат прописите на високообразовната установа каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.

Член 22

(1) Студиската програма задолжително содржи еден предмет од методологија на научно-истражувачката работа од областа во која се работи докторскиот труд и/или инкорпорирани содржини во предметите што се однесуваат на изучувањето и примената на методите на истражување во областа на студиската програма.
(2) Распределбата на активностите по семестри како и бројот на европски кредити што ги опфаќаат активностите вклучени во студиската програма се дефинира во Елаборатот на студиската програма од страна на носителот на студиската програма за трет циклус студии согласно со Законот за високото образование и овој Правилник.

V. ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТРИ И СТУДИСКА ГОДИНА

Член 23

(1) Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети/активности преку бројот на остварените кредити.
(2) Студентот може да запише и помал или поголем број кредити по семестар, но не помалку од 15, а не повеќе од 50 кредити во семестар, освен кога се работи за запишување на докторскиот труд.
(3) Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети/активности што носат вкупен број кредити помал од 15.
(4) Студентот прво ги запишува предметите/активностите коишто не ги положил од претходниот зимски, односно летен семестар, а потоа запишува нови предмети/активности од наредниот зимски, односно летен семестар, пришто прво се запишуваат задолжителните, а потоа изборните предмети/активности.
(5) Ако студентот веќе ги положил сите предмети од претходниот зимски, односно летен семестар, тогаш сите предмети/активности предвидени со студиската програма и планот за реализација на истата, се нови предмети/активности од наредниот семестар.
(6) Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема докторирано, може да ги запише кредитите од докторскиот труд и во зимски и во летен семестар.

Член 24

(1) Доколку студентот освоил најмалку 30 ЕКТС се смета дека е студент во втора година на докторските студии.
(2) Доколку студентот освоил најмалку 60 ЕКТС се смета дека е студент во трета година на докторските студии.

Член 25

(1) Студентите запишуваат семестри. Статус на студент во тековната студиска година на третиот циклус студии имаат студентите кои ќе запишат, односно презапишат семестар.
(2) Запишувањето семестри се врши во согласност со Правилникот за ЕКТС и со овој Правилник.
(3) Евидентирањето студиска година се врши врз основа на потребниот број освоени кредити определени со овој Правилник.
(4) Евиденцијата на предмети/активности што се запишпгуваат, податоците дали тоа се повторно запишани предмети/активности или нови предмети/активности, како и висината на школарината се врши преку пополнување Пријава за запишување предмети според ЕКТС од страна на студентите при запишувањето на предметите/активностите.
(5) Формата и содржината на пријавата за упис е пропишана од страна на Советот на докторски студии на Универзитетот.
(6) Точноста на податоците во пријавата со свој потпис ја потврдуваат надлежниот референт во службата за студентски прашања, координаторот/администраторот за ЕКТС и Претседателот на Советот на докторски студии на Универзитетот.

Член 26

(1) Плаќањето на износот за школарина при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните кредити. Пресметката се врши на начин што износот на школарината се дели со бројот на кредити за една студиска година, односно со 60 и така добиениот износ се множи со бројот на запишаните кредити на нови предмети.
(2) Студентите коишто повторно запишуваат предмет/активност, плаќаат 50% од износот за кредитите од соодветниот предмет/активност.
(3) За кредитите што се добиваат врз основа на другите активности предвидени со студиската

програма и планот за реализација на истата, плаќањето повторно се врши според бројот на кредити што ги носи поодделната активност. Доколу студентот до почетокот на наредниот соодветен семестар не ги реализира овие активности, кредити за тие активности се презапишуваат, но за истите не се плаќа школарина.

Член 27

(1) Во рок од 6 години, од денот на почетокот на семестарот во кој се запишал на докторски студии, студентот е должен да ги положи сите испити и да ги заврши другите обврски утврдени со студиската програма и со овој Правилник и да го одбрани докторскиот труд.
(2) Во случај на пречекорување на рокот од став 1 на овој член, студентот го губи статусот на студент на докторските студии.
(3) Лицето кое го губи статусот на студент на докторските студии може повторно да конкурира за запишување на докторски студии.
(4) Доколку на кандидатот му е одобрено повторно запишување, може да му се признаат претходно стекнатите кредити на докторските студии за што одлука донесува Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот. При повторно запишување, студентот плаќа полн износ на школарина намален за износ кој одговара на бројот на претходно признатите кредити.
(5) Од оправдани причини, по барање на студентот, рокот пропишан во ставот 1 на овој член, може да биде продолжен за уште една година за што одлука носи Советот за докторски студии Универзитетот.
Како оправдани причини се сметаат:
- боледување подолго од 3 (три) месеци
- бременост и породување
- отсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортеки експедиции и слично и
- други оправдани причини.

(6) По барање на студентот од оправдани причини, наведени во претходниот став, студиите можат да бидат ставени во мирување, додека траат оправданите причини, но не подолго од две години. Одлука за ставање на студиите во мирување носи Советот на докторски студии на Универзитетот. Времето за коешто студиите се ставени во мирување не се засметува во вкупниот рок за завршување на студиите предвидени со овој Правилник.
(7) Доколку, мирувањето на докторските студии трае подолго од два семестра, Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот, на барање на менторот, може да му дозволи на менторот да прими нов студент на местото на студентот на кој му мируваат студиите.
(8) Кога студентот ќе поднесе барање за продолжување на студиите кои се во мирување, доколку неговиот ментор нема слободно место, Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот може на студентот да му предложи друг ментор, или студентот ќе ги продолжи студиите кога менторот ќе се ослободи.
(9) Доколку за време на мирување на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма, и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.
(10) За време на мирување на обврските, студентот може да полага испити доколку за полагањето на тие испити ги исполнил условите.
(11) Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 15 дена по истекување на настапување на причините за мирување.
(12) Доколку студентот не го активира мирувањето, ниту, пак, запише семестар, му престанува статусот студент.

(13) За времетраењето на мирувањето на обврските, студентот не се задолжува со финансиски обврски доколку ги има измирено заостанатите финансиски обврски.

Член 28

Доколку во текот на студирањето дојде до промена на студиска програма, студентот што студирал според некоја од претходните програми и го нема завршено студирањето во роковите утврдени со тие програми продолжува да студира на изменетата студиска програма, и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

VI. МЕНТОР

Член 29

(1) На високообразовните установи кои изведуваат студиски програми од трет циклус на универзитетски - докторски студии, ментор на докторскиот труд може да биде редовен или вонреден професор од соодветната научна област кој е вработен на високообразовната установа, редовен или вонреден професор чиј работен однос е во мирување или редовен професор во пензија, кој бил во работен однос на високообразовната установа. Менторот треба да поседува соодветни компетенции во согласност со научната областа на темата на докторскот труд.

(2) Менторот на докторскиот труд треба да е акредитиран за ментор на докторски студии од страна на Одборот за акредитација на високото образование односно Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

(3) Листата на ментори која ја изготвува Советот на докторски студии на Универзитетот се дополнува со нови акредитирани ментори и со ментори за кои се ослободува место за студенти во рамките на роковите за пријавување. Листата на ментори се обновува на веб страницата на Универзитетот.

Член 30

(1) Менторот има обврска:

- да го советува, насочува и води студентот во текот на изработката на независниот истражувачки проект под менторство (докторски проект),
- да потврди дека студентот го изработил и презентирал независниот истражувачки проект под менторство (докторски проект) на годишната конференција организирана од Советот на докторски студии на Универзитетот,
- да го советува и упатува студентот во решавањето проблеми при подготовката на научно-истражувачките трудови,
- да потврди дека научно-истражувачките трудови изработени од студентот ги исполнуваат критериумите пропишани со Законот за високо образование,
- да го советува и насочува студентот во текот на дефинирањето на темата и тезите во пријавата за изработка на докторскиот труд,
- да дава мислења, сугестии, забелешки и предлози во текот на изработката на докторската дисертација,
- поднесува, најмалку еднаш во годината, писмен извештај до Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот, во кој се вреднува успешноста на студентот во неговата работа,
- учествува во работата на докторските семинари и конференции,
- ги реализира одлуките на Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот, Советот на докторските студии на Универзитетот и на органите на Универзитетот;

- да достави писмено известување до Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот дека докторскиот труд е изработен и дека кандидатот може да поднесе барање за формирање Комисија за оценка на истиот,
- врши и други работи согласно со студиската програма и со овој Правилник.

Член 31

(1) Промена на ментор со образложено и издржано барање можат да поднесат менторот и студентот заедно, само менторот или само студентот. Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот може да го прифати или одбие барањето за промена на ментор.
(2) Доколку не постои спор меѓу менторот и студентот во поглед на барањето за промена на ментор и барањето е прифатено, студентот бара согласност за нов ментор од редот на расположивите акредитирани ментори на студиската програма.
(3) Доколку постои спор помеѓу менторот и студентот во поглед на барањето за промена на ментор, Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот спроведува постапка за утврдување на причините за промена на менторот. Во постапката учествуваат менторот и студентот. По спроведената постапка, Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот може да го прифати или одбие барањето за промена на ментор. Доколку барањето е прифатено, студентот бара согласност за нов ментор од редот на расположивите акредитирани ментори на студиската програма.
(4) Новиот ментор потпишува согласност за прифаќање менторство и прифаќање на обврските за ментор утврдени со овој Правилник. Советот на докторски студиина единицата на Универзитетот откако ќе констатира дека новиот акредитиран ментор не го надминал бројот на менторства утврдени со закон и врз основа на потпишаната согласност, му предлага на Наставно-научниот/Научниот совет да донесе одлука за назначување ментор.
(5) Доколку барањето за промена на ментор е прифатено, а од објективни причини студентот не е во можност да добие согласност за нов ментор, тој поднесува известување до Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот. Советот е должен да ја констатира новонастанатата ситуација и да го извести студентот за евентуални понатамошни чекори односно да му даде препорака за поднесување барање за ставање на студиите во мирување и продолжување на студиите до прибавување согласност од друг ментор.
(6) Во случај кога барањето за промена на ментор е прифатено назначен нов ментор, а на студентот претходно му е прифатена темата за изработка на докторска дисертација, тој може во консултација со менторот да ја задржи истата тема или да поднесе пријава за друга тема за изработка на докторска дисертација.

VII. МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ, ПАРАЛЕЛНО СТУДИРАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСПИТИ

Член 32

(1) Студентите имаат право и можност да запишуваат и полагаат предмети на други студиски програми во рамките на единицата, на други единици на Универзитетот, на други универзитети во земјата и на други универзитети во странство, во рамки на програми за мобилност на студенти.
(2) Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиска програма во рамките на високообразовните установи во земјата и странство.
(3) Критериумите и условите за пренесување кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми поблиску се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит

трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид, Правилникот за мобилност на универзитетите во земјата и во странство на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид, и со договорот склучен меѓу високообразовните установи.

(4) Покрај другите услови, студентот кој сака да премине од една на друга единица/студиска програма, треба да ги исполнува и следниве услови:
- да ги исполнува условите за запишување утврдени со овој Правилник;
- да има решение од надлежен орган во Република Северна Македонија за признавање на стекнати високообразовни квалификации во странство, за претходните завршени студии (за студенти од странство), со еквиваленција за оценките

(5) Освен начинот и условите за признавање испити предвидени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот, како и Правилникот за мобилност на универзитетите во земјата и во странство, на студентот којшто се запишува или студира на студиска програма на Единица на Универзитетот, на негово барање, може да му се признаат и положени испити, односно стекнати ЕКТС кредити, доколку испитите ги положил, односно ЕКТС кредитите ги стекнал претходно, и тоа: на истата единица на Универзитетот, на друга единица во рамките на Универзитетот или на друг универзитет во земјата и/или странство.

(6) При признавањето на испитите, односно стекнувањето на ЕКТС кредитите, доколку испитот што го положил студентот не е вреднуван со ЕКТС кредити или е вреднуван со повеќе или помалку ЕКТС кредити отколку предметот за којшто се бара да се признае испитот, истиот ќе се признае со толку ЕКТС кредити колку што носи предметот на студиската програма на којашто е запишан студентот, за којшто е извршено признавањето.

(7) Условите и начинот за остварување на правото од став 5 од овој член, ги определуваат единиците на Универзитетот. По барањето, на студентот му се доставува соодветно решение/одлука со признати испити и број на признати ЕКТС кредити.

Член 33

Студентите можат паралелно да студираат и на друга студиска програма во рамките на единицата на Универзитетот, на други единици на Универзитетот или на други универзитети во земјата. По успешното завршување на двете студиски програми студентот добива две дипломи.

VIII. РЕЖИМ НА ИСПИТУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

Член 34

(1) Наставните дисциплини од студиската програма од третиот циклус студии се полагаат на завршното оценување.

(2) Предметниот професор/предметната група професори одлучува за начинот на реализација на завршното оценување (писмено, писмено и усмено или усмено) и за распределбата на поените по поодделни активности во рамките на максималниот број од 100 поени во согласност со предметната програма, принципите за ЕКТС и студиската програма.

Член 35

Формирањето конечна оценка од завршното оценување и останатите активности во рамките на предметната програма се врши врз основа на вкупниот број освоени поени по сите основи, и тоа:

- од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет)
- од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест)
- од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум)
- од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум)
- од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет)
- од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет).

IX. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ И ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ ИСПИТИ

Член 36

(1) Проверката на знаењето на студентите се врши во три испитни рокови: февруарски, јунски и септемвриски.
(2) Со одлука на Советот за докторски студии на Единицата, може да се утврдат најмногу уште два испитни рокови во текот на академската година.

Член 37

(1) Пријавувањето на испитите, студентите го вршат со пополнување на испитни пријави и нивно поднесување во определените рокови до службата за студентски прашања.
(2) Студентот може да го пријави испитот и по предвидениот рок, но најдоцна до денот на одржување на испитот, при што плаќа определен надоместок за задоцнетото пријавување.
(3) Службата за студентски прашања врши проверка на поднесените испитни пријави и изготвува список за спроведување на испитот во којшто се внесуваат кандидатите со право за полагање на испитот по соодветниот предмет.
(4) Списокот изготвен од Службата за студентски прашања не може да се надополнува со други кандидати.

Член 38

Право на полагање, добивање и евидентирање завршна оценка преку која било форма на проверка на знаењата, остваруваат студентите коишто го запишале соодветниот предмет, без разлика дали тој предмет е запишан по првпат или е повторно запишан, а во согласност со овој Правилник.

Член 39

Право на евидентирање стекнати кредити преку другите предвидени активности, остваруваат само студентите кои ги запишале овие активности.

Член 40

Стекнатите кредити од другите активности предвидени со студиската програма и планот за нејзина реализација, се евидентираат преку поднесување на пријава. Во пријавата се внесува видот на реализираната активност и бројот на освоени кредити. Пријавата ја потпишуваат менторот и Претседателот на Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот.

Член 41

(1) Целокупната документација поврзана со студентското досие се води на македонски јазик.
(2) За специфични студиски програми што се акредитирани да се изведуваат на еден од светските јазици, покрај на македонски јазик, дел од документацијата може да се води и на јазикот на којшто се реализира студиската програма.

X. ПРИГОВОР НА ЗАВРШНА ОЦЕНКА

Член 42

(1) Ако студентот не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високото образование и со овој Правилник, може да поднесе приговор до Советот на докторски студии на Универзитетот во рок од 48 часа од објавувањето на конечните резултати.
(2) Ако Советот на докторски студии на Универзитетот утврди дека се исполнети условите од ставот 1 на овој член, предметниот професор/предметната група професори ќе ја преиспита оценката од завршното оценување во рок од 5 (пет) дена.
(3) Ако предметниот професор/предметната група професори не ја преиспита оценката во утврдениот рок или остане на истата, или ако го прифати приговорот, но студентот повторно не е задоволен од добиената оценка, на барање на студентот, испитот се полага пред тричлена комисија составена од наставници од иста или сродна наставно-научна област, во наредните 3 дена, доколку испитот се полагал усмено, а доколку испитот се полагал писмено во истиот рок од 3 дена Комисијата ја оценува истата писмена задача.
(4) Тричлената комисија од претходниот став ја формира Советот на докторски студии на Универзитетот и во неа не можат да учествува предметниот професор или членовите од предметната група професори, а можат да членуваат наставници и од други единици на универзитетот или други универзитети во земјата.
(5) Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено. Оценката на Комисија е конечна.
(6) Роковите од овој член не течат за време на неработни денови.

Член 43

(1) По барање на студентот, може да му се овозможи повторно полагање на наставниот предмет за повисока завршна оценка во следниот испитен рок за што поднесува барање за поништување на добиената оценка најдоцна 15 дена пред почетокот на испитниот рок.
(2) Советот на докторски студии на Универзитетот донесува решение по барањето во рок од 3 (три) дена од поднесувањето на барањето.
(3) Со уважувањето на барањето за преполагање на испитот, претходно добиената оценка се поништува.

XI. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВА, ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД (ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

Член 52

(1) По остварени 60 ЕКТС-кредити, од кои 12 ЕКТС- кредити од предметите за генерички знаења, 30 ЕКТС-кредити од избраните предмети, 4 ЕКТС-кредити од Докторски семинар со презентација и Годишна конференција со презентација, 14 ЕКТС-кредити од истражувачка работа под менторство за подготовка на тема за докторска дисертација, студентот преку Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот, до Наставно-научниот совет, може да поднесе пријава на тема со предлог-проект за изработка на докторски труд (во натамошниот текст: предлог-докторски проект за изработка на докторски труд).
(2) Предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд треба да содржи:
- наслов на темата;
- преглед на достигнувањата во
- научноистражувачката област, поврзани со предметот на истражување;

- предмет на истражување;
- цели на истражувањето;
- образложение на работните хипотези и тези;
- нацрт на содржината;
- научни методи кои ќе се применат;
- очекуван научен придонес;
- примена на резултатите од истражувањето;
- список на литература и други извори.

Член 53

(1) Наставно-научниот/Научниот совет, по предлог на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот формира Комисија за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд.
(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од три члена со наставно-научни и научни звања од единицата, односно од друга единица на Универзитетот или од Универзитет од странство од кои најмалку два се од соодветната научна област, од која е предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд. Менторот е член на оваа комисија.

Член 54

(1) Комисијата за оцена на предлог-проектот за изработка на докторскиот труд, со образложено мислење, може да му го врати предлог-докторскиот проект на студентот за доработка.
(2) Студентот е должен да го дорабоги предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, во рок кој не е подолг од 60 дена, од денот на враќањето.
(3) Предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд може да биде вратен за доработка само еднаш.
(4) Ако студентот не го врати дорабoтениот предлог-проект за изработка на докторскиот труд во утврдениот рок, на првата наредна седница, Наставно-научниот/Научниот совет, по предлог на Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот и на Комисијата за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд, донесува одлука за запирање на постапката за пријавената тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд и за тоа го известува студентот.
(5) Во случајот од став 4 од овој член, студентот има право само уште еднаш да поднесе пријава на тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од истата научно-истражувачка област.

Член 55

(1) Комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд е должна во рок од три месеци од денот на нејзиното формирање да поднесе извештај преку Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот до Наставно-научниот/Научниот совет, со предлог за прифаќање или неприфаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд. Во овој рок не влегуваат деновите предвидени за доработка од член 54, став 2 од овој Правилник. Извештајот го пишува менторот во консултација со останатите членови.
(2) Извештајот го потпишуваат сите членови на комисијата.
(3) Во случај кога извештајот од став 1 од овој член не е потпишан од сите членови на комисијата, составен дел на извештајот е и издвоеното мислење на членот, кој не го потпишал.
(4) Рокот од став 1 на овој член не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

Член 56

Ако комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд не го запази утврдениот рок за поднесување на извештај од член 55, став 1 од овој Правилник, на првата наредна Седница на Наставно-научниот/Научниот совет, по предлог на Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот, се формира нова Комисија за оцена. Менторот е член на оваа комисија.

Член 57

Должината на извештајот на комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд изнесува од 5 до 10 страници, А4-формат, со единечен проред. Извештајот содржи:

- име на кандидатот и работен наслов на трудот;
- образложување на темата, која треба да содржи:
  - предмет на истражување,
  - состојба на научноистражувачката област во која се работи докторскиот труд,
  - цел на изработка на трудот,
  - очекуван научен придонес;
- доколку се очекува резултатите да се практично применливи, тоа треба да се нагласи;
- заклучок со предлог до Наставно-научниот/Научниот совет и до Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот;
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

Член 58

(1) По приемот на извештајот од Комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, на првата наредна седница, Наставно-научниот/Научниот совет, донесува одлука за прифаќање или неприфаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд.

(2) Ако Наставно-научниот/Научниот совет донесе одлука за прифаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, кандидатот ја продолжува постапката за стекнување научен степен-доктор на науки.

(3) Ако Наставно-научниот/Научниот совет донесе одлука за неприфаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, постапката за стекнување научен степен-доктор на науки се запира. Во овој случај, студентот има право само уште еднаш да поднесе предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од истата научно-истражувачка област.

(4) Работниот наслов на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд од став 2 и 3 од овој член се објавува во Билтенот на Универзитетот и на веб-страницата на Универзитетот, на македонски и на англиски јазик.

Член 59

(1) Докторскиот труд претставува оригинален научен труд, кој, според методологијата на изработка и степенот на научниот придонес, е соодветен за стекнување самостојност на студентот, во идната истражувачка работа.

(2) Конечниот наслов на докторскиот труд не смее значително да отстапува од работниот наслов.

(3) Во случаите од став 2 на овој член, по предлог на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот, одлука донесува Наставно-научниот/Научниот совет.

(4) Содржината на докторскиот труд треба да е во согласност со објавениот работен наслов на

докторскиот проект.

Член 60

Докторскиот труд треба да е напишан според стандардите утврдени со акт на Советот на докторски студии на Универзитетот.

Член 61

(1) На студиските програми кои се изведуваат на македонски јазик, докторскиот труд задолжително се пишува на македонски јазик, а може да се пишува и на англиски јазик.
(2) На студиските програми кои се изведуваат на англиски јазик, докторскиот труд се пишува на англиски јазик, а се доставува и на македонски јазик.
(3) Прилог на докторскиот труд е авторезимето, кое се пишува на македонски јазик и на еден од светските јазици.
(4) Авторезимето треба да е напишано според стандардите утврдени со акт на Стручниот совет за докторски студии на Универзитетот.

Член 62

(1) Студентот стекнува право да го предаде докторскиот труд под следниве услови:
   - остварени 154 ЕКТС-кредити;
   - објавени најмалку два труда во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование и овој Правилник, како прв автор или автор за кореспонденција.
(2) Докторскиот труд студентот го поднесува во 10 (десет) примероци, во печатена и во електронска форма.

Член 63

(1) Наставно-научниот/Научниот совет, на првата наредна седница по приемот на докторскиот труд, по предлог на Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот, формира Комисија за оцена на докторскиот труд.
(2) Комисијата од став 1 на овој член се состои од 5 (пет) члена, од кои најмалку два члена се од областа во која се изработува докторскиот труд и два члена од сродна област во која се изработува докторскиот труд од истиот Универзитет или друг универзитет.
(3) Членови на комисијата од став 1 од овој член треба да бидат лица избрани во наставно-научните звања редовен професор или вонреден професор.
(4) Во комисијата од став 1 од овој член, член не може да биде лице кое со лицето кое го брани докторскиот труд е роднина по крв, во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.
(5) Членовите на комисијата од став 1 од овој член не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.
(6) Член на комисијата од овој член, под истите услови определени со закон за членови на комисија, може да биде и наставник од високообразовна установа од земјата и од странство.
(7) Првиот член на комисијата за оцена е нејзин претседател.
(8) Менторот е член на комисијата за оцена, но не може да биде претседател.

Член 64

(1) Комисијата за оцена на докторскиот труд е должна да поднесе извештај преку Советот на докторските студии на единицата на Универзитетот до Наставно-научниот/Научниот

совет.

(2) Во случај кога извештајот од став 1 од овој член не е потпишан од сите членови на комисијата, составен дел на извештајот претставува и издвоеното мислење на членот кој не го потпишал.

(3) Комисијата во рок од три месеци од нејзиното формирање има право да достави забелешки до кандидатот по доставениот труд. Кандидатот во рок од три месеци треба да постапи по забелешките. На кандидатот може да му се определи и дополнителен рок, за кој одлучува советот на студиската програма.

(4) Извештајот од став 1 од овој член се поднесува во рок од еден месец по истекот на роковите од став 3 на овој член.

(5) Роковите од ставовите 3 и 4 на овој член не течат во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

(6) Ако комисијата за оцена на докторскиот труд не поднесе забелешки, односно извештај во утврдените рокови од ставовите 3 и 4 на овој член, Наставно-научниот/Научниот совет, по предлог на советот на студиската програма, на првата наредна седница формира друга комисија за оцена, од кои тројца членови се нови.

(7) Должината на извештајот за оцена на докторскиот труд, поднесен од комисијата за оцена на докторскиот труд, изнесува 10-15 страници, А4-формат, со единечен проред. Извештајот содржи:

- датум и реден број на седницата на Наставно-научниот/Научниот совет на која е формирана комисија за оцена на докторскиот труд, податоци за кандидатот и наслов на трудот;
- анализа на трудот, која содржи:
  - податоци за предмет на истражување,
  - податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд,
  - краток опис на применетите методи,
  - краток опис на резултатите од истражувањето;
- заклучок, кој содржи:
  - главни научни придонеси на кандидатот,
  - подрачје на примена и ограничувања,
  - можни понатамошни истражувања,
  - заклучок со предлог до Наставно-научниот/Научниот совет;
- извештај од кандидатот за реализирана меѓународна мобилност, усвоен од Советот на докторски студии на Универзитетот;
- оригинални потписи на сите членови на комисијата (доколку нема издвоени мислења);
- потпишани издвоени мислења, доколку ги има.

Член 65

(1) Извештајот на Комисијата за оцена на докторскиот труд, пред да биде доставен до Наставно-научниот/Научниот совет, се објавува во Билтенот на Универзитетот.

(2) Секое физичко или правно лице, во рок од 15 дена од објавувањето, има право во писмена форма да достави забелешки и предлози во врска со докторскиот труд и извештајот на Комисијата за оцена на докторскиот труд.

(3) Комисијата за оцена на докторскиот труд е должна да ги разгледа забелешките и да достави мислење до Наставно-научниот/Научниот совет, на седницата на која се разгледува извештајот во рок не повеќе од 30 дена од објавувањето.

(4) На седницата на Наставно-научниот/Научниот совет, предмет на разгледување, покрај извештајот на комисијата од став 1 на овој член, е и мислењето на комисијата од став 3 на овој член.

(5) Ако Наставно-научниот/Научниот совет не го прифати позитивниот извештај на комисијата за оцена, донесува одлука за запирање на постапката за стекнување научен степен - доктор на науки и за тоа го известува студентот. Студентот нема право повторно да го поднесе докторскиот труд на ниту една единица на Универзитетот.
(6) Ако Наставно-научниот/научниот совет го усвои негативниот извештај на комисијата за оцена на докторскиот труд, донесува одлука за запирање на постапката за стекнување научен степен - доктор на науки и за тоа го известува студентот. Студентот нема право повторно да го поднесе истиот докторски труд на ниту една единица на Универзитетот.
(7) Ако Наставно-научниот/Научниот совет не го прифати негативниот извештај на комисијата за оцена на докторскиот труд, донесува одлука за формирање друга комисија, од кои три се нови членови, за оцена на докторскиот труд, и постапката понатаму тече според одредбите од овој Правилник.

Член 66

(1) Одбраната на докторскиот труд се врши пред комисијата од 5 (пет) члена, којашто по правило е во истиот состав како и Комисијата за оценка.
(2) Одлуката за составот се носи на истата седница на којашто Наставно-научниот/Научниот совет се изјаснува за извештајот за оцена.
(3) Во средствата за јавно информирање се објавуваат името и презимето на кандидатот за доктор на науки, насловот на докторскиот труд, како и местото, денот и времето за одбрана, најдоцна 7 дена пред денот утврден за одбрана.
(4) Одбраната на докторскиот труд се одржува најрано 8 дена, а најдоцна 30 дена од денот на одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет.
(5) Одбраната на докторскиот труд е јавна.
(6) Со одбраната на докторскиот труд раководи претседателот на комисијата за одбрана.
(7) За текот на одбраната на докторскиот труд се води записник.

Член 67

(1) На почетокот на одбраната, претседателот на комисијата за одбрана:
- ги изнесува биографските податоци на кандидатот за доктор на науки во соодветната научно-истражувачка област;
- ги запознава присутните со: текот на постапката за стекнување научен степен-доктор на науки, пријавата на докторскиот труд, поднесувањето на докторскиот труд на увид и оцена, како и со одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет;
- го чита заклучокот на извештајот на комисијата за оцена на докторскиот труд.

(2) По својот воведен збор, претседателот на комисијата бара кандидатот во кратки црти да го изложи својот докторски труд, со посебен осврт на научниот придонес кој во него се содржи.
(3) Потоа, кандидатот ги изложува резултатите од докторскиот труд, по правило во траење до 30 минути.
(4) По излагањето на кандидатот, членовите на комисијата за одбрана поставуваат прашања кои се однесуваат на докторскиот труд. Кандидатот е должен да одговори на сите прашања од комисијата.
(5) Кога кандидатот ќе заврши со изложувањето на докторскиот труд, претседателот на комисијата за одбрана се обраќа до присутните и ги известува дека тие можат да му постават прашања на кандидатот во врска со докторскиот труд. Прашањата се поставуваат во писмена форма и се доставуваат до претседателот на комисијата за одбрана. Кандидатот е должен да одговори на прашањата, за кои претседателот на комисијата за одбрана смета дека се поврзани со докторскиот труд.
(6) Кога комисијата за одбрана ќе утврди дека се исцрпени сите дискусии во врска со

докторскиот труд, претседателот на комисијата соопштува дека одбраната е завршена и комисијата за одбрана се повлекува заради донесување одлука. Одлуката се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број и тоа се внесува во записникот за јавна одбрана.

(7) По донесувањето на одлуката и составувањето на записникот, комисијата се враќа во просторијата во која се одржува одбраната. Претседателот на комисијата за одбрана ги чита записникот за одбраната и одлуката на комисијата.

Член 68

(1) По спроведената постапка за одбрана на докторскиот труд, одлуката може да гласи: кандидатот го одбранил докторскиот труд или кандидатот не го одбранил докторскиот труд.

(2) Во случај кога кандидатот го одбранил докторскиот труд, при што покажал натпросечни резултати во научно-истражувачката работа и во изработката на докторскиот труд, може да се доделат следниве почести:
- го одбранил докторскиот труд со почести (cum laude);
- го одбранил докторскиот труд со големи почести (magna cum laude);
- го одбранил докторскиот труд со сите почести (summa cum laude).

(3) Добиените почести се дел од додатокот на дипломата.

(4) Посебните критериумите за добивање почести ги определува единицата, односно единиците во кои се реализира студиската програма, врз основа на основните критериуми утврдени од Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот.

XII. СТУДЕНТИ

Член 69

Прашањата поврзани со статусот на студентите и нивните права и обврски како и дисциплинските мерки се дефинирани со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилниците на Универзитетот.

XIII. ДИПЛОМИ

Член 70

(1) Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc, PhD).

(2) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на докторските студии од ставот 1 на овој член припаѓаат на ниво VIII од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VIII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Член 71

(1) По одбраната на докторската дисертација, на докторантот му се издава уверение за завршените докторски студии.

(2) Уверението го потпишува Деканот/Директорот на единицата каде што е спроведена постапката за одбрана на докторската дисертација.

Член 72

(1) За стекнат научен назив - доктор на науки, се издава диплома на промоција која ја организира Ректорот на Универзитетот.

(2) Дипломата ја потпишува Ректорот и Деканот/Директорот на единицата каде што е спроведена постапката за одбрана на докторската дисертација.
(3) Како дополнување на дипломата, се издава Додаток на дипломата (Diploma Supplement), во согласност со принципите на ЕКТС.

Член 73

Дизајнот и содржината на дипломата и уверението ги почитуваат критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

Член 74

Студентот може да го напушти студирањето во рамките на одредена студиска програма без да ја комплетира истата и, за тоа, на негово барање, може да добие соодветно уверение.

Член 75

Одлука за изгледот на дипломата и уверението донесува Ректорската управа на Универзитетот. Содржината на дипломата, додатокот на диплома и уверението се утврдени со акт на Министерот надлежен за работите на високото образование.

XIV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ

Член 76

(1) Третиот циклус студии има карактер на приватни студии и се финансира со средства на студентите.
(2) Кандидатите за докторски студии самостојно ги покриваат трошоците за студирање.
(3) Кандидатите за докторски студии плаќаат износ за школарина определен во Конкурсот за запишување во трет циклус студии, а единицата може да определи и износ за пријави за испити и вониспитни активности и износ за пријава, оценка и одбрана на докторскиот труд, кој се внесува во договорот за студирање.
(4) Трошоците за реализирањето на меѓународна мобилност од најмалку еднонеделен престој и трошоците за објавување научни трудови во референтни научни публикации паѓаат на товар на студентот.
(5) Износите ги определува Универзитетот.

XV. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ЗАЕДНИЧКА ДИПЛОМА

Член 77

(1) На Универзитетот, односно неговата единица може да се организира студиска програма од трет циклус за стекнување заедничка диплома, заедно со друга единица на Универзитетот, заедно со еден или повеќе универзитети, односно самостојни високи стручни школи од Република Северна Македонија или од странство акредитирани во земјата во која и е седиштето, за што одлучува Универзитетот на сопствена иницијатива или на предлог на единиците на Универзитетот.
(2) Кога Универзитетот изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, односно самостојни високи стручни школи, се применуваат прописите на оној универзитет, односно самостојна висока стручна школа каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.
(3) Заедничката диплома е јавна исправа во која задолжително се наведени универзитетите и нивните единици, односно самостојни високи стручни школи кои заеднички учествувале

при изведувањето на студиската програма. Содржината и обликот на заедничката диплома како и прилозите кон дипломата ги определува Универзитетот.

XVI. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ДВОЈНА ДИПЛОМА

Член 78

Врз основа на билатерален договор, со којшто се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Универзитетот/Единицата и Универзитет од странство, односно самостојна висока стручна школа од Република Северна Македонија или од странство акредитирани во земјата во кои им е седиштето, Статутот на Универзитетот и овој Правилник, Универзитетот/Единицата може да реализира студиска програма за двојна диплома и да издава двојна диплома.

XVII. ПРИМЕНА НА ОВОЈ ПРАВИЛНИК

Член 79

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот за Информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид.

Претседател на Универзитетски сенат
доц. д-р Расим Салкоски с.р.